**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

За:

Бр. 03-10

Скопје 22.07.2021г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Одговор на претставка во врска со право на одговор и исправка**

Почитувана,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги внимателно ја разгледа Претставката (наш бр. 03-10/1 од 16.07.2021 година) во врска со прилогот со наслов „Сексуално образование на основците по терк на ХЕРА, од каде доаѓа Царовска“ објавен на 12.07.2021 година во дневно-информативното издание на вестите во 17:30 и репризиран истиот ден во вестите во 22 часот и следниот ден во вестите во 9:30 и 12:30 часот.

По тој повод, Ве известуваме дека Агенцијата нема законски можности да постапува за спроведувањето на одредбите за правото на одговор и исправка од Законот за медиуми (членови од 17 до 28). Во член 29 е прецизирано дека можеме да вршиме само административен надзор за почитувањето на неколку одредби од Законот, од кои ниту една не се однесува на правото на одговор и исправка.

Сепак, направивме увид во програмата на ТВ Алфа емитувана на 12 и 13 јули и посебно на посочениот прилог во претставката со наслов „Сексуално образование на основците по терк на ХЕРА, од каде доаѓа Царовска“ и на прилогот објавен следниот ден во вестите емитувани во 14:30, 17:30 и 22 часот со наслов: „ХЕРА демантира: Сексуалното образование да не се злоупотребува за политички маркетинг“ во кој се содржани делови од демантот кој Вие го имате упатено до ТВ Алфа.

Од спроведениот увид беше констатирано дека медиумот не ги почитуваше доследно законските одредби, односно не го пренесе демантот на ХЕРА во целост, селективно изостави суштински делови кои се однесуваат на прирачникот за сексуално образование и во продолжение на истиот прилог даде свој коментар на темата - воведување сексуално образование.

Затоа, го информиравме медиумот за Претставката и му укажавме на обврската доследно да ги почитува одредбите за правото на одговор и исправка од Законот за медиуми. Во прилог е дописот испратен до медиумот.

Инаку, Ве потсетуваме дека за непочитување на ова право, согласно член 23 став 1 од Законот за медиуми „заинтересираното лице има право да покрене тужба против одговорниот уредник пред надлежниот суд во рок од 30 дена од истекот на рокот за објавување на исправката, односно од денот кога исправката не била објавена или била објавена на начин кој не е во согласност со овој закон“.

Исто така, имајќи предвид дека почитувањето на професионалните стандарди при известувањето е предмет на саморегулација, можете да поднесете претставка до Комисијата за жалби на саморегулаторното тело Совет за етика во медиумите на Македонија.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**-------------------------------------------------**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**